**Република Македонија**
**Општина Сопиште**



# ПРОГРАМА

## ЗА СЕЧЕЊЕ НА ДРВА –РОДНИ И НЕРОДНИ ДРВА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА СОПИШТЕ 2 0 1 9

Изработил:
Одделение за комунални работи
Раководител Проф.Трајче Андреевски
Помлад соработник М-р Светлана Матеска-Трпеска

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 член 36 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 20 од Статут на општина Сопиште (Службен гласник на Општина Сопиште бр. 2/97 ) и член 12 од Законот за комунални дејности (Службен весник на Р.М. бр.45/97,23/99,45/2002,16/2004 и 5/2009) и член 2 став1 точка 9 и член 18 од Одлуката за комунален ред на Општина Сопиште (Службен гласник бр.11/2013год), член 48 и член 49 од Законот за јавни патишта и член 9 од Законот за јавна чистота, Советот на Општина Сопиште на седницата одржана на ____.____.2018 година да ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за сечење на дрва – родни и неродни на територијата**
**на Општина Сопиште за 2019 година**

## 1. СТРАТЕШКИ ДЕЛ

Програмата на Општина Сопиште за сечење на дрва - родни и неродни е насочена кон сечење на дрва на општествено земјиште и сечења на дрва кои се во сопственост на физички лица и правни лица.

Со програмата се уредуваат условите, обемот, динамиката и начинот на одржување на јавната чистота и финансиски средства за вршење на работите.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Цел на програмата е уредување, одржување и чистење на отворените простори во населени места.

Со програмата опфатено е:

- Одржување на јавна чистота на отворените простори на јавните објекти односно во општинска сопственост
- Сечење на дрва на површина која е во приватна сопственост
- Сечење на дрва и други шумски и земјоделски култури и насади покрај јавен пат кои ја попречуваат прегледноста на патот односно ја загрозуваат безбедноста на сообраќајот на патот
- Одржување на зелени и рекреативни површини во населени места

## 3. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за сечење на дрва – родни и неродни дрва го опфаќа сечењето на дрва и тоа на :

- Градежни парцели каде има градба- по барање на сопственикот
- Градежни парцели каде треба да се гради- по барање на инвеститорот
- Улици и патишта - два пати во текот на годината и по Решение од надлежен инспекциски орган
- Речни корита и суводолици- чистење по програмата за отпадни води
- Паркови и зеленинила – по потреба
- Земјоделски земјишта - ниви и лозја по барање на сопственикот

## 4. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Програмските активности за сечење на дрва-родни и неродни дрва ќе ги изведува ЈКП Сопиште-Сопиште.

Изведувачот има обврска континуирано, квалитетно и навремено одржување и сечење на дрва на општествено земјиште, а во приватните парцели го врши сопственикот или склучен договор со правно лице.

ЈКП Сопиште работи по цени усвоени од Советот на Општина Сопиште.

Изведувачот на програмата ЈКП Сопиште треба да склучи договор со Општина Сопиште за спроведување на програмата и да ја реализира со налози од Одделението за комунални работи.

## 5. АКТИВНОСТИ И ДИНАМИКА

Активностите и динамиката за сечење на дрва - родни и неродни дрва ќе се утврдат со оваа Програма во која се земени во предвид и :

- состојбата на теренот и
- барањата на граѓаните и институциите.

## 6. ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА СЕЧЕЊЕ ДРВА

Физичките и правните лица за сечење на дрва – родни и неродни дрва треба да поднесат барање до локалната самоуправа за издавање дозвола за сечење и транспорт на дрвата до местото на живеење.

Кон барањето треба да се приложи:

- Оргинален имотен лист не постар од 1 (еден) месец
- Фотокопија од лична карта
- Фотокопија од сообраќајна дозвола од моторното возило за транспорт
- Надлежното одделение излегува на терен, составува записник, донесува Решение и издава дозвола за транспорт
- Трошоците се на терет на барателот (такса во износ од 500,00 денари се наплаќа по Законот за административни такси (Службен весник на РМ бр.17/1993 година и бр.61/2004 година))

## 7. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Во Програмата за сечење на дрва - родни и неродни дрва на територија на Општина Сопиште за 2019 година се предлага:

### 7.1.ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

| ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА | ДЕНАРИ |
|---|---|
| Буџет на Општина Сопиште | 50.000,оо |
| Такса од баратели | 50.000,оо |
| **ВКУПНО** | **100.000,оо** |

### 7.2.БУЏЕТ

Во буџетот за 2019 година се планираат средства за следниве намени:

| БУЏЕТ 2018 | ДЕНАРИ |
|---|---|
| Сечење на дрва и гранки по улици и патишта | 50.000,оо |
| Сечење на дрва по паркови и речни корита-суводолици | 25.000,оо |
| Сечење на дрва по налог на извршни решенија од надлежни органи | 25.000,оо |
| **ВКУПНО** | **100.000,оо** |

## 8. НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над спроведување на Програмата врши надлежниот општински орган – одделението за комунални работи.

За спроведените активности на терен изведувачот е должен да доставува месечни извештаи за работата, а на крајот на годината ќе доставува извештај до Градоначалникот и Советот на Општина Сопиште. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник" на Општина Сопиште.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ**
**НА ОПШТИНА СОПИШТЕ**

___________________________
Јане Мицевски